

## МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМИ 2009

# МЕДИУМИТЕ И ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

## ДЕКЕМВРИ 2009

НВО ИНФОЦЕНТАР

МЦЕТ

**Мониторинг на медиумите во Република Македонија, 2008 / НВО Инфоцентар:** Никола Тримпаре 18-1/5 1000 Скопје;
тел/факс: (02) 3233 560; (02) 3216 690, contact@nvoinfocentar.org.mk; info@nvoinfocentar.org.mk www.nvoinfocentar.org.mk

## СОДРЖИНА


МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМИ: 1

I. ЗАКЛУЧОЦИ 2

II МЕДИУМИ 3

1. Квантитативен пресек 3

2. Медиумите пред и по објавувањето на Извештајот 3

3. Препорака - да или не? 4

4. Препорака или условна препорака 5

5. Медиумите за и против референдум за името 5

6. Медиумите шпекулираат за „датуми“ 6

7. Има ли Владата преговарачка платформа 7

8. Медиумите го анализираат Извештајот 7

9. Некои медиуми бараат одговорност, други ја фалат Владата 8

10. Медиумите притискаат за решавање на спорот за името 8

III ВЛАДА 10

1. Владата пред и по објавувањето на извештајот 10

2. Фер-извештај и преземање одговорност 11

3. Денот на објавувањето - историски ден за Владата на ВМРО-ДПМНЕ 11

4. Владата вети акциски план 12

5. Владата и спорот за името - „политика на топло-ладно“ 12

IV ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ 13

V ЕКСПЕРТИ 14

VI ГРЕШКИ 15

**МОНИТОРИНГ НА МЕДИУМИ:**

# „МЕДИУМИТЕ И ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА НАПРЕДОКОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2009 ГОДИНА“

НВО Инфоцентарот и Македонскиот центар за европско образование (МЦЕО), со поддршка на Фондацијата Институт отворено општество - Македонија, во периодот од 7 до 20 октомври 2009 година спроведоа мониторинг на медиумите фокусиран на информирањето за Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2009 година.

Основната цел на ова набљудување на медиумите беше да се анализира квалитетот на информациите објавени за Извештајот од страна на новинарите, Владата, политичките партии, дипломатите и експертите.

Предмет на анализа беа написите во шест дневни весници („Утрински весник“, „Дневник“, „Вест“, „Вечер“, „Време“ и „Нова Македонија“) и централните информативни емисии на седум телевизии со национална и сателитска концесија („А1“, „Канал 5“, „Сител“, „Телма“, „МТВ 1“, „Алфа“ и „Алсат“)[1].

Во овој мониторинг не беа вклучени медиуми на јазиците на немнозинските заедници поради ограничените финансиски и човечки капацитети.

Методологијата покажува каков е квалитетот на објавените информации од аспект на новинарските стандарди во информирањето, односно дали медиумите / новинарите во информирањето за Извештајот на Европската комисија користеле прецизни и јасно именувани извори, дали биле консултирани сите засегнати страни, какви новинарски жанрови се користеле, кои новинарски жанрови доминирале, каков бил односот спрема фактите и аргументите.

Едновремено, методологијата овозможува анализа врз содржината на информациите објавени во врска со Извештајот на Европската комисија, а изнесени не само од страна на новинарите, туку и од страна на Владата, политичките партии и на експертите. Анализирано беше нивото на разбирање на Европската унија и евроинтеграциските процеси, соодветноста на терминологијата и јазикот, како и нагласувањето на определени аспекти од Извештајот и евроинтеграциите воопшто.

[1] Централни информативни емисии: А1 – 19.00; Канал 5 - 19.30; Сител – 18.00; Телма - 18.30; МТВ1- 19.00; Алфа – 17.30 и Алсат - 22.30.

# I. ЗАКЛУЧОЦИ

Медиумите, во споредба со лани, покажаа речиси двојно поголем интерес за Извештајот на Европската комисија. Зголемениот квантитет на прилози го следеше и подобар квалитет на информирање, проследен со значително помалку грешки за евроинтеграциите. Токму затоа можеме да констатираме дека граѓаните годинава имаа можност да добијат повеќе информации за главните наоди содржани во Извештајот на ЕК.

Медиумите оваа година не само што ги пренесуваа изјавите и ставовите на претставниците на Владата, опозицијата и на европските институции, туку консултираа многу повеќе експерти од различни области. Во исто време, новинарите ја анализираа и коментираа содржината на Извештајот и даваа сопствени ставови и оцени на забелешките од ЕК за напредокот на Македонија. Медиумите во овој период имаа проактивна улога и, во споредба со лани, иницираа многу повеќе теми и дискусии поврзани со Извештајот. Пред објавувањето, главно прогнозираа дали ќе има препорака и дали таа ќе биде условена. По објавувањето на Извештајот, пак, новинарите се занимаваа со тоа што значи препораката, кои се следните чекори за добивање датум во декември годинава, какво е влијанието на спорот за името, како и со анализа на одделни сегменти од содржината на Извештајот (на пример, реперите, човековите и малцинските права, состојбата со слободата на изразување и медиумите, економските критериуми, енергетската политика, заштитата на животната средина).

Она што може да се забележи во споредба со лани е поголемата отвореност на претставниците на Владата за изјави и коментари за содржината на Извештајот. Оваа година Владата не се сомневаше во објективноста на Извештајот и на ЕК. Во периодот пред објавувањето, очекуваше награда за големиот напор и труд вложен во исполнувањето на критериумите, а Премиерот демонстрираше добра волја и подготвеност за решавање на спорот за името. По објавувањето на Извештајот, претставниците на Владата го коментираа постигнатиот напредок во исполнувањето на некои од реперите, но упорно молчеа за спорот за името. На апелите од ЕУ, од државите-членки, од домашните и странските експерти и од медиумите, дека сега е моментот за решавање на спорот за името, Владата одговори со тоа дека решавањето на спорот не е услов за добивање датум за пристапни преговори.

Опозицијата ја поздрави препораката на ЕК и истакна дека таа претставува награда за македонските граѓани. Едновремено, претставниците на опозициските партии и партиите на албанскиот политички блок во парламентот истакнаа дека препораката на ЕК без добивање датум за преговори нема да значи успех за Македонија во европската интеграција во 2009 година. Лидерот на СДСМ и понуди бланко-поддршка на Владата за решавање на спорот за името, доколку решението не го загрозува македонскиот идентитет и јазик.

По објавувањето на Извештајот новинарите го наметнаа прашањето за тоа дали Македонија има Преговарачка платформа и дали има административен капацитет да ги води преговорите. Анализата покажа дека граѓаните не добија детаљни и прецизни информации за тоа дали Владата има стратегија за преговорите и, ако ја има, што содржи таа; дали има преговарачки тимови и кој е нивниот состав. Овие прашања останува да бидат дополнително истражени од страна на новинарите, особено во контекст на забелешката во Извештајот на ЕК дека во многу подрачја Македонија има слаб административен капацитет.

Во информирањето за Извештајот има помалку грешки во однос на лани, а како најважни можеме да ги издвоиме: 1) начинот на кој се одлучува во ЕУ кога е во прашање политиката на проширување (двотретинско мнозинство или консензус) и 2) која институција одлучува за проширувањето на ЕУ (се мешаат Европскиот совет, Советот на Европа и Советот на ЕУ).

## II МЕДИУМИ

### 1. Квантитативен пресек

Вкупен број **објавени прилози – 329**

Број објавени прилози во **печатените медиуми**: 143 (**43,47%**)

- „**Утрински весник**“ - 37 (**11,25%**)
- „**Дневник**“ - 30 (**9,12%**)
- „**Време**“ - 29 (**8,81 %**)
- „**Нова Македонија**“ - 22 (**7.69%**)
- „**Вечер**“ - 18 (**5,47%**)
- „**Вест**“ - 7 (**2,13%**)

Број објавени прилози во **електронските медиуми**: 186 (**57,53%**)

- „**МТВ1**“ - 38 (**11,55 %**)
- „**Сител**“ - 33 (**10,03%**)
- „**Канал 5**“ - 30 (**9,12%**)
- „**А1**“ - 30 (**9,12%**)
- „**Алсат**“ - 24 (**7,29%**)
- „**Телма**“ - 17 (**5,17%**)
- „**Алфа**“ - 14 (**4,25%**)

Што се однесува до **жанровите**, добиени се следниве податоци:

- **Извештај** - 212 (**64,44%**)
- **Изјава** - 49 (**14,89%)**
- **Интервју** - 17 (**5,17%)**
- **Коментаторски извештај** - 14 (**4,25%**)
- **Колумна** – 14 (**4,25%**)
- **Коментар** - 11 (**3,34 %**)
- **Фотовест** - 5 (**1,52%**)
- **Вест** - 4 (**1,21%**)
- **Анализа** - 3 (**0,91%**)

### 2. Медиумите пред и по објавувањето на Извештајот

Медиумите оваа година не само што ги пренесуваа изјавите и ставовите на претставниците на Владата, опозицијата и на европските институции, туку консултираа и многу повеќе експерти од различни области. Во исто време, новинарите ја анализираа и коментираа содржината на Извештајот на ЕК за напредокот на Македонија во 2009 година (*натаму во текстот Извештајот на ЕК за 2009*) и даваа сопствени ставови и оцени за забелешките од ЕК за напредокот на

Македонија. Медиумите во овој период имаа проактивна улога и, во споредба со лани, иницираа многу повеќе теми и дискусии поврзани со Извештајот.

Во периодот пред објавувањето на Извештајот на ЕК за 2009, новинарите прогнозираа дали тој ќе содржи препорака за почеток на преговори. Исто така, правеа анализи дали доколку Македонија добие препорака, таа ќе биде „чиста" или ќе биде дополнително условена. Во овој период медиумите известуваа и коментираа околу најавениот референдум за името, шпекулираа со датумот за почеток на преговорите и за можноста Македонија да добие точно утврден датум за членство во ЕУ.

По објавувањето на Извештајот, пак, новинарите се занимаваа со тоа што значи препораката, кои се следните чекори за добивање датум во декември годинава и какво е влијанието на спорот за името. Медиумите прашуваа дали Македонија е подготвена да ги започне преговорите за членство и дали има преговарачка платформа, а правеа и анализа на одделни сегменти од содржината на Извештајот на ЕК за 2009 (на пример, реперите, човековите и малцинските права, состојбата со слободата на изразување и медиумите, економските критериуми, енергетската политика, заштитата на животната средина итн.).

И во периодот пред и во периодот по објавувањето на Извештајот на ЕК за 2009, медиумите беа особено активни во иницирањето дебата за спорот за името меѓу Република Македонија и Република Грција.

## 3. Препорака - да или не?

Како реакција на шпекулациите во некои од медиумите, кои најавуваа дека Извештајот 2009 нема да содржи препорака, медиумите ја пренесоа изјавата на амбасадорот на ЕУ во Македонија, Ерван Фуере: *„Евроамбасадорот Ерван Фуере вчера повика да не се шпекулира за извештајот откако медиумите јавија дека една недела пред неговото објавување тој не содржи препорака за почнување на преговорите. Евроамбасадорот е уверен дека напредокот ќе биде валоризиран"*.[2] Некои од медиумите, пак, известуваа дека *„Европската комисија не препорачува старт за преговори, но оставена е можност советот на министри во декември доколку констатира напредок во спорот за името да донесе одлука за отпочнување на преговарачкиот процес"*.[3] Заради очигледната забуна дека Советот на министри не може да одлучува за датум за почеток на преговори доколку со Извештајот од Европската комисија не добиеме препорака, Фуере појасни: „*...Европската комисија е таа што препорачува или не датум за преговори, а конечната одлука ја носи Советот на ЕУ, кој ќе го има последниот збор*".[4]

Во пресрет на објавувањето на Извештајот, а по информациите што ги добија од нашите владини претставници, медиумите информираа: *„Речиси е сигурно дека земјава ќе добие препорака за почеток на преговорите, но не и датум"*,[5] односно: *„Македонија денес ќе добие позитивен извештај и во него препорака за почеток на преговори за членство во ЕУ. Датум нема да биде предложен. ЕК во своите извештаи никогаш не предлага прецизен датум за почеток на преговорите. Тоа е задача што му е доделена на Советот на министрите, највисокото решавачко тело на ЕУ"*.[6]

---

[2] Време, 9 октомври 2009
[3] А1, 7 октомври 2009
[4] Нова Македонија, 9 октомври 2009
[5] Време, 13 октомври 2009
[6] Дневник, 14 октомври 2009

## 4. Препорака или условна препорака

Една седмица пред објавувањето на Извештајот 2009, дел од медиумите повикувајќи се на европски дипломатски извори известуваа: *„Условена препорака за преговори најверојатно ја чека Македонија во претстојниот извештај на европската комисија*“.[7] Некои од медиумите информираа дури и за формулацијата на условената препорака: *„Можни се две сценарија за формулацијата на препораката за земјава. Едното, земјава да биде условена со добрососедските односи, а другото директно да и биде препорачано решавање на спорот со Грција како услов за почеток на преговорите*“,[8] односно: *„Условот ќе биде решавање на спорот за името, а, најверојатно, ќе биде формулиран како „добрососедски односи*“.[9] Ваквите написи во медиумите, според наша оцена, се должат на тоа што некои медиуми недоволно ја познаваат структурата на Извештајот на ЕК, во кој препораката за добрососедски односи и решавањето на спорот за името со нашиот јужен сосед се стандардна содржина која се провлекува во сите досегашни Извештаи на ЕК, и тоа во делот на регионалната сорабока што е составен дел на политичките критериуми. Оттука и проблемот во дел од медиумите да се процени дека доколку има препорака со Извештајот, апсолутно нелогично е да се очекува таа да биде условена, особено не со добрососедските односи и решавањето на спорот со Грција, бидејќи тие во секој случај се дел од препораките кои ЕУ очекува да бидат земени предвид.

## 5. Медиумите за и против референдум за името

Голем дел од содржините во медиумите, кои беа предмет на набљудување во периодот пред објавувањето на Извештајот на ЕК за 2009, се однесуваа и на најавуваниот референдум за името, како и за евентуалната содржина на референдумското прашање. Различни медиуми различно ги анализираа и се осврнуваа на овие прашања. Некои од медиумите блиски до владејачката структура даваа предлози за тоа како треба да тече процесот на преговори со Грција и отворено ја заговараа потребата за организирање референдум за името: *„Преговорите меѓу Македонија и Грција околу спорот за името траат 13 години и не постојат никакви гаранции дали ќе завршат за три месеци или три години. Клучно во преговорите е нашиот јужен сосед да искаже јасен и конечен став за тоа кое име е прифатливо за нив. Потоа истото треба да го стори и македонската страна, а најпосле доколку биде постигнат консензус да се спроведе референдум на кој граѓаните ќе го искажат својот став. Конечниот грчки став не зависи од Македонија и затоа е важно најпрвин Атина да излезе со став*“.[10] Некои медиуми шпекулираа дека референдумот е договорена работа: *„Референдум за името сигурно ќе има. Владата инсистира на него, а меѓународната заедница веќе го има прифатено тоа*“,[11] и одеа дотаму што лиферуваа и формулација на прашањето: „*Евентуалното референдумско прашање кое би дошло, откако ќе се постигне договор со Грција за името, е „Дали сте за влез во ЕУ и НАТО со името Северна Република Македонија*?“[12]

Како реакција на можната формулација на референдумското прашање, некои медиуми ја пренесоа изјавата на Љубомир Фрчковски: „*Властите некаде ветиле нешто и сега тоа го тестираат преку наводно референдумско прашање и сето*

[7] А1, 8 октомври 2009
[8] Време, 9 октомври 2009
[9] Дневник, 9 октомври 2009
[10] Вечер, 9 октомври 2009
[11] Вест, 9 октомври 2009
[12] Вест, 9 октомври 2009

*тоа не е толку лошо. Сепак, покажуваат дека нивните изјави за цврсто стоење на двојната формула се лопатарска политика. Бидејќи се зборува само за договор за името, останува отворено прашањето за гаранциите за јазикот и за идентитетот*".[13] Други медиуми реагираа на написот за референдумското прашање во Вест и коментираа: *„Тоа исто така може да предизвика и будење на радикалните сили кај Македонците кои на текстот во Вест можат да излезат со своја верзија на референдумско прашање: Дали сте согласни да се откажете од вековното и библиско име Македонија и Македонци, за членство во ЕУ и НАТО, како привремени асоцијации*".[14] Некои медиуми, пак, прашањето за организирање референдум го оценуваа како алиби на Владата за бегање од одговорност: „*Референдумот стана алатка што треба да ја амнестира власта од одговорноста за евентуална промена на името за меѓународна употреба. Но, тој лесно би можел да стане и инструмент кој ќе ги забетонира нашите релации со Грција, уште повеќе ќе ја влоши меѓународната позиција на земјава и ќе ги искомплицира релациите меѓу политичките актери*".[15]

Во врска со референдумот, медиумите ги пренесуваа и ставовите на Владата за ова прашање: „*Во нашата програма е дефинирано дека доколку се дојде до заемно прифатливо решение, ќе се одржи референдум, и на крај главната одлука за ова прашање ќе ја носиме заедно сите граѓаните. Како и да е, кога ќе дојдеме до таа фаза, граѓаните ќе бидат целосно информирани и во детали за се што ќе содржи договорот и што тој ќе значи за Македонија, за да можат да оценат како ќе се поставаат кон одлуката која треба да се донесе*".[16]

## 6. Медиумите шпекулираат за „датуми"

Во некои медиуми беше објавена информацијата, базирана на извори од Брисел, дека доколку добиеме препорака, можно е Македонија да ги започне пристапните преговори во мај 2010 година, и тоа: „*Според очекувањата, датумот на Македонија ќе и биде испорачан за време на претседателството на Шпанија или, поточно, за време на Самитот посветен на Балканот што Шпанија планира да го организира во мај 2010 година. Бидејќи странците очекуваат дека дотогаш земјава ќе го реши спорот со Грција, тие се уверени дека мај ќе биде добар тајминг за определување на почетокот на преговорите за членство во Унијата*".[17] Медиумите отворија дискусија и за тоа која е можноста и практиката ЕУ да ни додели прецизна временска рамка за пристапување која ќе содржи и краен датум за полноправно членство. Па така, некои медиуми сметаа дека „*...во игра е Македонија да добие таканаречена брза лента за преговори со ЕУ или дури и да побара гаранции и за точен датум за влез во ЕУ (кога и да е тоа). Ова би било со цел да се избегне Грција да го блокира секое поглавје од преговорите за влез во ЕУ*".[18] Поупатените новинари во процесот на пристапување во ЕУ коментираа: „*...гаранции со датум за влез во ЕУ може да бара само некој што е аналфабет за евроинтегративните процеси зашто такво нешто никогаш не добила ниедна земја. Роковите се приближно познати од досегашните искуства од земјите што воделе преговори. За тој процес требаат четири до пет години, но сепак не може однапред да се предвиди колку точно ќе трае*".[19]

[13] Дневник, 9 октомври 2009
[14] Вечер, 9 октомври 2009
[15] Утрински весник, 10 октомври 2009
[16] Вест, 9 октомври 2009
[17] Време, 13 октомври 2009
[18] Вест, 9 октомври 2009
[19] Дневник, 9 октомври 2009

## 7. Има ли Владата преговарачка платформа

Дали Владата има преговарачка платформа беше едно од прашањата на кое медиумите, особено по добивањето на позитивниот Извештај на ЕК за 2009, бараа одговори. Мораме да констатираме дека благодарение на скромното истражување од страна на новинарите и ограничените можности за пристап до информации од владините институции, граѓаните не добија аргументиран и образложен одговор. Изјавите на заменикот на претседателот на Владата задолжен за евроинтеграции, Васко Наумовски, имаа за цел да ја убедат јавноста дека Македонија има капацитет да започне преговори: „*При пишувањето на овогодинешниот извештај ЕК секако го имаше во вид и овој аспект. Имено, ЕК не би препорачала почеток на преговори доколку процени дека државата не е подготвена да ги води тие преговори.*[20] Некои од владините претставници, како на пример Драган Тилев, ги уверуваа граѓаните дека „*Владата веќе има усвоено донесена платформа за подготовка на преговорите и во платформата се поместени одредени прашања кои дополнително ќе се усогласуваат во рамките на Владата*“.[21] Сметаме дека ова е една од клучните работи за кои медиумите треба да продолжат да истражуваат и пишуваат, а Владата има обврска да биде отворена за информации околу преговарачката платформа, составот на преговарачките тимови, нивниот капацитет и, пред се, нивната работа.

## 8. Медиумите го анализираат Извештајот

За разлика од лани, кога во медиумите освен пренесување цитати на делови од Извештајот поврзани пред се со напредокот во остварувањето на реперите и пофалби за добрата оцена на ЕК во економските критериуми, практично немаше никаква продлабочена анализа за големиот број нотирани проблеми, годинава можеме да констатираме дека најголем дел од медиумите сериозно анализираа и коментираа релевантни подрачја од Извештајот на ЕК за 2009. Новина, на пример, претставува тоа што медиумите оваа година го анализираа и коментираа делот на Извештајот на ЕК за 2009 во кој катастрофално лошо е оценета состојбата во медиумскиот простор и, генерално, слободата на изразување. Па така, медиумите констатираа: „*Најсилни критики Владата на Македонија, па и сите земји во регионот добија околу притисокот врз медиумите. Слободата на медиумите, генерално, се оценува како загрозена и за тоа се бара ургентна реакција*“,[22] односно коментираа: *„Драстично и грубо изигрување на законот е истовременото поседување приватни телевизии и весници, а државата не прави ништо за да ја елиминира оваа незаконска појава и на тој начин ги помага нелојалната конкуренција и медиумската концентрација*“.[23]

Некои медиуми ги анализираа забелешките во делот на политичките критериуми со потенцирање на проблемите поврзани со слободата на изразување, како на пример, насилно прекинатиот протест на студентите на градскиот плоштад во Скопје и насилното спречување на трибината на движењето Граѓани за европска Македонија во Струга. Во некои од медиумите, исто така, се коментираше и забелешката во Извештајот на ЕК за 2009, која се однесува на активностите на Владата поврзани со антиквизацијата: „*Македонија доби единица за антидискриминаторската политика; куриозитет е дека ЕК ја наведува како лош пример одлуката на Владата да го преименува аеродромот ’Скопје’ како ’Alexander of Macedon’, па бара воздржување од вакви акции*“.[24]

[20] А1, 14 октомври 2009
[21] Алфа, 15 октомври 2009
[22] Утрински весник, 15 октомври 2009
[23] Дневник, 15 октомври 2009
[24] Утрински весник, 15 октомври 2009

Во медиумите, оваа година за разлика од лани, многу повеќе се анализираа и негативните оцените на ЕК во делот на економските критериуми. Некои медиуми критички ги коментираа забелешките нотирани во делот на регулаторните тела: „*За независните регулаторни тела се забележува дека се предмет и на политичко влијание*“[25]; јавните набавки, судството и бизнисот: *„...функционирањето на пазарната економија го попречуваат бавното судството и слабиот капацитет на супервизорските и регулаторните агенции. Корупцијата се' уште е широко застапена во сите области на економијата, а при јавните набавки не се обрнува доволно внимание на конфликтот на интереси*“[26]; електродистрибуцијата, односно проблемот со ЕЛЕМ и ЕВН; законот за енергетика; социјалниот дијалог итн.

## 9. Некои медиуми бараат одговорност, други ја фалат Владата

Во некои медиуми новинарите отворено побараа одговорност од Владата за тоа дека препораката за почнување пристапни преговори доаѓа по четири години од кандидатскиот статус и притоа прашуваа: *„Ако само толку малку беше доволно за позитивен извештај, тогаш зошто изгубивме три години? Ќе преземе ли Груевски одговорност? Ќе се каже ли јасно дека, и покрај впечатокот што требаше да го оставаат отворените владини седници за посветеност кон европските задачи, бриселската агенда не беше на дневен ред кај Владата се' до летото*?“[27]

Во други медиуми, пак, во контекст на тоа дали препораката од ЕК значи пофалба на континуираните реформи на Владата или, пак, е резултат кој Владата требаше да го испорача пред три години, новинарите коментираа различно и притоа изнесуваа полувистини: „*Имавме тешка година, три години по ред ние добиваме позитивни извештаи, ова е третиот. Владата на Груевски може да се пофали дека три години добро одработува и добро е оценета од европјаните. Но, имавме тешка година, имавме и избори во кои опозицијата тврдеше дека Македонија е политички изолирана, дека ова е анти-европска Влада, дека имаме анти-европско живеење и дека ќе бидеме казнети со извештајот на ЕУ на есен. Не бевме казнети, наградени сме, наградени сме сите ние, не само Владата бидејќи во Македонија над 90% од граѓаните го поддржуваат патот до Европската унија*“.[28]

## 10. Медиумите притискаат за решавање на спорот за името

Медиумите, и во периодот пред и по објавувањето на Извештајот на ЕК за 2009, голем дел од содржините му ги посветија на прашањето за името. Медиумите ги пренесуваа интензивно пораките и изјавите на претставниците на меѓународната заедница, а пред се на претставниците на ЕУ, го анализираа и коментараа влијанието на спорот за името врз добивањето датум за пристапни преговори и отворено се залагаа за решавање на спорот во интерес на европската иднина на Македонија: „*Интонацијата со која Комесарот за проширување, Оли Рен, ја соопшти веста за препораката не значи ништо друго туку повик до македонската Влада брзо да го реши спорот со Грција. Самиот Рен дури и директно кажа дека препораката е „поттик и охрабрување“ до Владата во Скопје да направи компромис. Рече и оти се надева дека властите во Скопје ќе ја слушнат пораката на Европската комисија. Тоа бездруго е најсилната и најдиректната порака досега од Брисел. Таа порака заслужува одговор од*

[25] Дневник, 15 октомври 2009
[26] Дневник, 15 октомври 2009
[27] Дневник, 15 октомври 2009
[28] Сител, 14 октомври 2009

*македонската Влада*“.[29] Анализата на мониторираните написи во медиумите ни овозможува со сигурност да констатираме дека медиумите, т.е. новинарите беа единствените кои во овој период инцираа дебата за прашањето за името и придонесоа граѓаните да добијат повеќе информации за ставовите на различните политички фактори во земјава и во ЕУ, и покрај тоа што официјалните информации за тоа како течат преговорите за името и што всушност се преговара беа многу ограничени.

Во периодот пред објавувањето на Извештајот на ЕК за 2009, спорот за името беше спомнувано како една од причините поради кои Македонија може да не добие препорака за почеток на преговори или дека нерешениот спор за името може, во најмала рака, да влијае врз добивањето „условена препорака“. Во овој период, исто така, некои медиуми констатираа дека ставот на Владата во однос на билатералниот спор со Грција почнува да омекнува: „*И други симптоми укажуваат дека власта попушта во непоколебливата битка за името и дека бара начини како да им го соопшти тоа на граѓаните со минимални последици за својот рејтинг*“.[30] Во прилог на овие констатации во дел од медиумите беа објавени изјавите на владини претставници, од кои највпечатлива беше изјавата на премиерот Груевски: *„Наметнатиот спор од Грција за нашето уставно име, колку и да изгледа апсурден, треба да се реши. Ние сме подготвени да седнеме на заедничка маса со нашите соседи и да ги отвориме прашањата, да разговараме и да бараме решение. Како политичари и јас и премиерот на Грција имаме обврска да бараме да најдеме решение. Подготвени сме за интензивно барање решение и максимално конструктивно влегуваме во овој процес*“.[31] Претставниците на експертската јавност блиски до опозицијата, во оваа изјава на Груевски препознаа поместување на ставовите на Владата во однос на името, за што Стево Пендаровски, советник во Кабинетот на бившиот претседател, Бранко Црвенковски, изјави: „*Со ваквата формулација, Премиерот за првпат му дава лична димензија на ангажманот во преговорите, но и презема поголема одговорност за нивниот исход. Се разбира, ова важи само доколку изјавите на Груевски не се блеф. - Груевски досега никогаш не рекол ’јас’, туку секогаш употребувал ’ние’, ’Македонија’, ’Владата’, ’ВМРО-ДПМНЕ’*“.[32]

Иако и препораката за преговори од ЕК не беше сосема извесна во периодот пред објавувањето на Извештајот, амбасадорот Фуере, запрашан за влијанието на спорот за името во однос на датумот, постојано потсетуваше: *„...одлуките во Европскиот совет се донесуваат со консензус и во тој поглед ние ги охрабруваме двете страни во спорот со името да се обидат да најдат заеднички прифатливо решение. А ние веруваме дека сега со развојот на настаните во Грција, постои една нова ситуација и иницијатива која ќе биде искористена од двете страни да се најде задоволително решение*“.[33]

По објавувањето на Извештајот, кога беше јасно дека Македонија доби препорака за почеток на пристапните преговори, медиумите се фокусираа на тоа какво ќе биде влијанието на спорот за името и активностите на Владата во контекст на добрососедските односи врз добивањето датум за преговори на претстојниот декемвриски Совет на ЕУ. Медиумите укажуваа дека добивањето датум за преговори ќе зависи од тоа какви чекори ќе преземе Владата за интензивирање на преговорите за спорот со името и посочуваа дека од особена важност за напредокот во добрососедските односи е откажувањето од античката приказна: „*Извесно е дека препорака за преговори добиваме, со битна напомена дека од препораката до почетокот на преговорите зависи дали Македонија во наредните два месеци ќе успее да покаже европски манири во решавањето на меѓусоседските односи.*

[29] Утрински весник, 15 октомври 2009
[30] Утрински весник, 10 октомври 2009
[31] Дневник, 13 октомври 2009
[32] Време,14 октомври 2009
[33] Телма, 7 октомври 2009

*Минимумот кој се очекува од нас или поточно од владата е јавно и јасно да се поздрави и да го остави во минатото Александар и неговиот Букефал и други слични замајувања на јавноста и непотребни трошења на нејзините пари*“.[34] Во овој период медиумите интензивно ги пренесуваа изјавите на европските претставници во земјава, меѓу кои најактивен беше амбасадорот Фуере, кој потенцираше: „*Наместо да шпекулираме што ќе се случи во декември, ќе повторам дека решавањето на спорот останува суштинско и сета енергија треба да се фокусира на решавање на ова прашање. Ги поттикнуваме заложбите во однос на преговорите и се надеваме дека пред декемврискиот Совет ќе се најде решение*“.[35] И амбасадорот на Шведска во Македонија, Ларс Фреден, нагласуваше: „*Прашањето за името не е услов за влез во Унијата, но јасно е дека ќе даде попозитивна клима за продолжување на процесот на евроинтегарции. Ви треба консенуз за да се донесе позитивна одлука за Македонија на 7 и 8 декември - ова е политички факт*“.[36] Во прилог на тоа дека Македонија мора сериозно да се зафати со решавање на спорот за името со Грција, најдиректно одеше изјавата на Оли Рен на прес-конференцијата одржана на 14 октомври 2009 во Брисел, по повод Извештајот на ЕК за 2009 и добивањето препорака за почеток на пристапните преговори, која беше пренесена во сите медиуми: „*Верувам дека Владата во Скопје оваа препорака ќе ја сфати како силно охрабрување за најпосле да го реши спорот за името. Подвлекувам дека добрососедските односи, како и решение за спорот за името се клучни. Сега ова е поклучно и поитно од кога било досега*“.[37] Во оваа насока одеше и изјавата на Претседателот на ЕК, Жозе Мануел Баросо, упатена до владите во Скопје и Атина, а која беше пренесена преку електронските медиуми: „*Ги охрабруваме државите да направат се што можат за да го решат, и тоа што е можно побргу за да се зголеми довербата. Да ни се олесни животот на сите нас кои сакаме да ја видиме вашата земја како членка на ЕУ. Сакам да ја охрабрам Владата во Скопје да направи напор, а и другата страна да го стори истото, за да најдеме решение за тој проблем во духот на добрососедските односи и се разбира во европски дух на солидарноста*“.[38]

Претставиците на грчката влада беа децидни во ставот дека Македонија не може да очекува датум за преговори на претстојниот Совет на ЕУ доколку во меѓувреме нема решение за спорот за името, па така заменик-министерот за надворешни работи на Грција, Димитрис Друцас, изјави: „*Сите земји треба да се подготват и да ги исполнат неопходните критериуми, а во случајот на поранешна југословенска Република Македонија тоа значи решавање на прашањето за името. Ова е предуслов и грчката позиција е јасна и добро позната како што е јасна и позната националната црвена линија*“.[39]

## III ВЛАДА

### 1. Владата пред и по објавувањето на извештајот

Во споредба со минатата година, Владата покажа поголема отвореност за изјави и коментари за содржината на Извештајот на ЕК за 2009. Различно од лани беше и тоа што оваа година Владата не се сомневаше во објективноста на Извештајот и на Европската комисија. Во периодот пред објавувањето на Извештајот очекуваше награда за големиот напор и труд вложен во исполнувањето на критериумите. Заменик-претседателот на Владата задолжен за евроинтеграции, Васко Наумовски,

[34] А1, 13 октомври 2009
[35] Дневник, 15 октомври 2009
[36] МТВ1, 15 октомври 2009
[37] Дневник, 15 октомври 2009
[38] Канал 5, 19 октомври 2009
[39] Дневник, 15 октомври 2009

во целост ја презеде одговорноста за исходот од Извештајот, а премиерот Груевски демонстрираше добра волја и подготвеност за решавање на спорот за името. По објавувањето на Извештајот на ЕК за 2009, претставниците на Владата со задоволство го коментираа постигнатиот напредок во исполнувањето на реперите, ветија изработка на акциски план за забелешките и проблематичните подрачја во извештајот, но упорно молчеа за спорот за името. На апелите од ЕУ, од државите-членки, од домашните и странските експерти и од медиумите, дека сега е моментот за решавање на спорот за името, Владата одговори со тоа дека решавањето на спорот не е услов за добивање датум за пристапни преговори.

## 2. Фер-извештај и преземање одговорност

Претставниците на Владата, во периодот пред објавувањето на Извештајот на ЕК за 2009, главно изјавуваа дека очекуваат да биде награден нивниот труд во исполнувањето на критериумите и, за разлика од лани, оценија дека ЕК ќе изработи фер-извештај за напредокот на Македонија. Од оваа перспектива можеме да констатираме дека причина за ланското сомневање на Владата во објективноста на ЕК и содржината на Извештајот се должеше на тоа што Владата беше сосема свесна дека три години по ред не работи на исполнување на европската агенда и дека Извештајот на ЕК за 2008 ќе биде третиот по ред негативен извештај за Македонија. Оваа година, премиерот Груевски изјави: „*Јас не сум тој што треба да дава определби во врска со извештајот. Тоа е работа на Европската комисија. Јас сум тука заедно со другите да ги сработам сите тие одредници за подобрување на животот на граѓаните. Можам само да кажам дека дадов се што е во моја моќ и се надевам дека во извештајот тоа ќе биде вреднувано и фер претставено*“.[40] За убеденоста на Владата дека вложениот труд во последните три-четири месеци од годинава ЕК би требало да го вреднува со препорачување почеток на пристапни преговори, говори и изјавата на Наумовски: „*Ние направивме се и очекуваме ЕК да се изјасни за напредокот на Македонија. Ќе понесам одговорност како дел од тимот од македонска страна. Меѓутоа, ако добиеме позитивен извештај, тогаш ќе ги земам заслугите*“.[41]

Мораме да забележиме дека и самите медиуми го заборавија ланскиот став на Владата за објективноста на ЕК и на содржината на Извештајот од 2008, па не ги прашаа владините претставници на што се должи изменетото мислење за непристрасноста и принципиелноста на ЕК.

## 3. Денот на објавувањето - историски ден за Владата на ВМРО-ДПМНЕ

Најголем обем на содржини поврзани со Извештајот на ЕК за 2009 имаше на денот на објавувањето на Извештајот и во деновите потоа. Медиумите изобилуваа со изјави на сите политички фактори во државава и на претставниците на ЕУ. Сепак, најбројни беа изјавите на претставниците на Владата. Според нив, 14 октомври 2009 година е историски ден за Македонија: „*Ова е историски ден за Република Македонија и за нејзините граѓани. Тоа е резултат на досегашните напори на Владата, на граѓаните, на сите политички фактори, здруженија во Македонија и на нашите ценети пријатели од меѓународната заедница. Го поздравуваме мислењето на Европската комисија и сите нејзини обиди во поддршката кон нас за процесот на реформите*“.[42] На денот на објавувањето на Извештајот, премиерот изјави: „*...успеавме да дојдеме до еден историски миг, кога Европската унија официјално призна дека Република Македонија ги достигна сите стандарди, сите*

[40] Време, 14 октомври 2009
[41] Време, 9 октомври 2009
[42] Вест, 15 октомври 2009

*реформи, ја заврши целокупната модернизација што беше потребна за да се даде од страна на Европската унија препорака за почеток на преговорите*".[43]

Во својот говор, пред премиерот Греуевски и другите претставници на Владата, а по повод врачувањето на Извештајот на ЕК за 2009, амбасадорот Фуере изјави: *„Заслугата за сето ова е споделена помеѓу сите политички партии и фактори од позицијата и од опозицијата, што покажа дека со заедничка работа може да се постигне успех. Заслугата за овој успех оди и до претставниците на граѓанското општество, кои што успеаа да допрат до илјадници граѓани и да покажат кои се оние области каде што Владата треба да се фокусира и да работи*".[44]

## 4. Владата вети акциски план

Во периодот по објавувањето на Извештајот, Владата вети дека ќе изработи акциски план за надминување на забелешките и проблемите нотирани во Извештајот на ЕК за 2009: „*Значи секоја слабост што е наведена, што треба да се подобри го ставаме во една табела и во еден акционен план, кој што ќе го презентираме во Владата но и во Брисел и подоцна чекор по чекор, проблем по проблем ќе се обидуваме да го подобриме, да го решаваме и да одиме напред*",[45] односно: „*Тој (премиерот) истакна дека извештајот за Владата ќе бил патоказ за идните чекори и реформи што ќе биле преземени*".[46] Министерот за правда, Михајло Маневски, изјави: „*Ние сме подготвени за натамошни поуспешни чекори во надградба на системот во борба против организираниот криминал и корупцијата, како и во обезбедувањето самостојно и ефикасно судство кое ќе биде во функција на остварување на правата и слободите на граѓаните*".[47] Министерката за внатрешни работи, пак, Гордана Јанкуловска, не го криеше задоволството од добиената препорака: „*Извештајот на ЕК во целост ја рефлектира реалната состојба во Македонија и е најпозитивен досега, вели министерката за внатрешни работи Гордана Јанкуловска*".[48]

## 5. Владата и спорот за името - „политика на топло-ладно"

Една од посветлите точки при анализата на содржините кои беа предмет на овој мониторинг беше во периодот пред објавувањето на Извештајот на ЕК за 2009 и се однесуваше на искажаната недвосмислена и отворена (иако од денешна перспектива може слободно да кажеме - привидна) подготвеност на премиерот Груевски да се зафати со решавање на спорот за името. Имено, непосредно пред објавувањето на Извештајот на ЕК за 2009, во својот говор по повод прославата на 11 Октомври, тој рече: „*Наметнатиот спор од Грција за нашето уставно име, колку и да изгледа апсурден, треба да се реши. Ние сме подготвени да седнеме на заедничка маса со нашите соседи и да ги отвориме прашањата, да разговараме и да бараме решение. Како политичари и јас и премиерот на Грција имаме обврска да бараме и да најдеме решение. Подготвени сме за интензивно барање решение и максимално конструктивно влегуваме во овој процес*".[49] Сега можеме да констатираме дека оваа порака Груевски ја испрати во моментот кога на ЕУ, како аргумент плус, и беше потребен сигнал за барем декларативна подготвеност на Владата да го реши спорот за името, а се со цел Владата да обезбеди позитивен извештај и препорака од ЕК, кој подоцна ќе го користи како алиби за апсолутната незаинтересираност вистински да го реши спорот за името и во замена да не убедува дека „*тоа што беше до нас го направивме*".

[43] Сител, 14 октомври 2009
[44] Канал 5, 14 октомври 2009
[45] Телма, 19 октомври 2009
[46] Нова Македонија, 15 октомври 2009
[47] Нова Македонија, 15 октомври 2009
[48] МТВ 1, 16 октомври 2009
[49] Дневник, 13 октомври 2009

Потврда за ова јавноста доби веднаш по објавувањето на Извештајот на ЕК за 2009, кога владините преставници или комплетно го игнорираа спорот за името или изјавува дека овој проблем не е услов за пристапни преговори: „*Вицепремиерот за евроинтеграции Васко Наумовски смета дека пораката на евро-комесарот Оли Рен дека решавањето на проблемот со името е суштинско не значи дека датумот е условен со решение на спорот*“.[50]

## IV ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Претставниците на владејачката партија ВМРО-ДПМНЕ го искористија моментот на објавувањето на Извештајот на ЕК за 2009 за да повторат дека тоа е историски ден за државава и за да ја убедат јавноста дека добивањето позитивен извештај од ЕК е доказ дека Македонија добро си ја сработила домашната работа и дека во Македонија на власт е проевропска влада, и покрај обвинувањата на опозицијата. Во овој контекст, координаторката на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во Парламентот, Силвана Бонева, изјави: „*Ова е историски ден за Македонија. Сакаме да ја споделиме радоста со сите граѓани, но и да искажеме огромна благодарност на Европската комисија што умееше да го вреднува трудот на сите институции во државата и напредокот на реформите што ги направи Македонија. Тоа претставува огромен поттик за сите нас и ни дава огромна енергија да продолжиме и натаму*“.[51] Претседателот на собраниската комисија за евроинтеграции, Петар Поп Арсов, изјави: „*Овој извештај е потврда за постигнатиот напредок на нашата држава наспроти песимистичките изјави и тези на дел од опозициските политичари за вулганизирање на реформите и позитивните проекти спроведувани од владата на Р. Македонија спроведувани во изминативе 2 години. Со овој извештај без предметни и надминати се тезите за наводна изолација на Република Македонија*“.[52]

Пратениците од опозицискиот СДСМ, пак, укажуваа дека препораката без датум практично нема да значи напредок за Македонија во европската интеграција во 2009 година: „*...но препорака без датум за преговор ќе ни биде само утеха но, во никој случај нема да биде успех за Република Македонија затоа од утре сите очи мора да бидат насочени кон декември и Советот европски, кој што е тој што може да даде датум за почеток на преговори. Без датум за почеток на преговори, Македонија ќе биде горе-доле на исто место на кое што бевме во 2005-та*“.[53] СДСМ, исто така, го поздрави фактот што за Европската комисија беше поважна европската иднина на македонските граѓани и притоа потпретседателот на партијата Гордан Георгиев изјави: „*Во согласност со изјавата на еврокомесарот Оли Рен, јасно е дека Европската комисија прашањето за решавање на спорот со името го издигнува на највисоко можно ниво. Нема дилема дека постои директна врска помеѓу одредувањето датум за преговори со решение на спорот за името*“.[54] Според Георгиев: „*Ова е пресуден момент за иднината на Македонија и очекуваме Владата на Никола Груевски и ВМРО-ДПМНЕ да се однесува на висината на задачата. Крајно време е Никола Груевски да излезе пред граѓаните, да ги отвори картите, и да ги образложи своите идни чекори. СДСМ е подготвен да слави рамо до рамо со ВМРО-ДПМНЕ, кога Македонија ќе добие датум за преговори*“.[55]

СДСМ, во периодот по објавувањето на Извештајот, и даде бланко-поддршка на Владата за решавање на спорот за името и притоа претседателот Црвенковски изјави: „*Одбранете го националниот идентитет односно изборете се за јасна гаранција за именување на нашиот јазик и нашиот народ како македонски и се*

[50] Алсат, 15 октомври 2009
[51] Утрински весник, 15 октомври 2009
[52] МТВ 1, 15 октомври 2009
[53] Телма, 13 октомври 2009
[54] Дневник, 15 октомври 2009
[55] Вечер, 15 октомври 2009

*друго што за вас ќе биде прифатливо во компромис ќе го прифатиме, ќе го поддржиме и ние и тоа на невидено*".[56]

Тито Петковски, лидерот на НСДП, му порача на Груевски: „*Епа, господине Премиер на Владата на РМ, ве повикуваме час поскоро да дојдете во редовите на предавниците, странските слуги, мрачните сили - како што не нарекувате, и сите заедно да ја предадеме Македонија на ЕУ*".[57]

Пратеникот на ДУИ, Џеват Адеми, на денот на објавувањето на извештајот на ЕК за 2009 потенцираше: „*Овој позитивен извештај не е заслуга само на една политичка гарнитура или институција, туку на сите граѓани на Република Македонија*".[58]

## V ЕКСПЕРТИ

Оваа година, во споредба со лани, медиумите консултираа и цитираа многу повеќе домашни и странски експерти од различни области и различни провиниенции. Најголемиот број експерти коментираа или ја прогнозираа содржината на Извештајот на ЕК за 2009: „*Следниот извештај на Европската комисија ќе биде делумно позитивен и делумно негативен и сигурно ќе содржи голем број на забелешки за реформите кои Македонија не ги спроведе и кои Комисијата ги сугерираше уште во предходниот извештај. Сакам да истакнам дека во текот на минатата година не се работеше системски на исполнувањето на реформите, кои Македонија требаше да ги оствари за почетокот на преговорите. Се работеше само во последните два-три месеци*" (Бујар Синани, професор на Универзитетот на ЈИЕ).[59] Експертите го коментираа спорот за името: „*Ние го добиваме 10-от и најважниот бенчмарк во обидите да дојдеме до датум за преговори. Работава сега е соголена до коска - може нема да направите компромис, значи нема да влезете никогаш во Европа*" (Стево Пендаровски),[60] неговото влијание врз добивањето датум за пристапни преговори, како и ставовите на грчката и македонската влада во врска со ова прашање: „*Земјите кандидати и земјите апликанти мораат да разберат една работа – ЕУ не може да им ги реши нивните проблеми. ЕУ може да помогне преку техничка помош за да се претставаат добрите искуства. Никој нема да ви ги реши вашите проблеми. Земјите кандидатки, исто како и старите членки, треба сами да си ги решаваат проблемите*" (Петер Голдсмит од Европскиот институт за јавна администрација).[61]

Некои од експертите го анализираа значењето и влијанието на тужбата што Македонија ја има пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг и ценеа дека политички проблем не може да се реши со „правен лек": „*Спорот меѓу Македонија и Грција е доста чувствителен и тој не треба да се решава со тужби, туку со меѓусебен договор од кој и двете страни ќе бидат задоволни* (Ибрахим Мехмети).[62]

Во врска со преговарачката платформа и капацитетите за преговори, дел од експертите ја уверуваа македонската јавност дека Македонија е подготвена да ги започне пристапните преговори: „*Ние апсолутно имаме капацитет, обавени подготовки, обучени луѓе, кадар, експерти, персонал за тоа. Меѓутоа сега е*

[56] Сител, 19 октомври 2009
[57] А1, 17 октомври 2009
[58] Дневник, 15 октомври 2009
[59] Алсат, 9 октомври 2009
[60] Алфа, 15 октомври 2009
[61] Канал 5, 15 октомври 2009
[62] Време, 10 октомври 2009

*потребно во тие 35 подрачја за кои ќе се преговара да таа стратегија ја реализираме внатре, дома*“ (Димитар Мирчев).[63]

## VI ГРЕШКИ

Во споредба со минатата година, новинарите во информирањето за Извештајот на ЕК направија многу помалку грешки. Сепак, заради важноста јавноста точно и прецизно да биде информирана за евроинтегративниот процес, ќе ги објавиме грешките кои беа направени и кои во иднина ќе треба да се поправат:

1. Новинарите во неколку написи не правеа разлика меѓу ***препорака за пристапни преговори*** и ***датум за почеток на преговорите***. Сепак, дел од новинарите знаеја дека од ЕК очекуваме препорака за почеток на пристапни преговори, а дека датумот треба да го определи Советот на министри на ЕУ: „*Речиси е сигурно дека земјава ќе добие препорака за почеток на преговорите, но не и датум*“,[64] односно „*...Комисијата најверојатно ќе препорача отворање на пристапните преговори меѓу ЕУ и Македонија, но не и конкретен датум поради „можното политичко влијание поврзано со спорот со Грција околу името*“.[65]

2. Новинарите грешеа и за начинот на кој се одлучува во ЕУ, кога е во прашање политиката на проширување. Некои медиуми погрешно информираа дека Советот на министри ќе треба да гласа со ***двотретинско мнозинство,*** зашто за политиката за проширување, Советот на ЕУ гласа со ***консензус***, т.е. едногласно: *„Од вчера почна и активното лобирање кај земјите-членки на ЕУ за Македонија да добие двотретинска поддршка и датум за започнување на пристапните преговори на декемврискиот состанок на Советот на министри*“,[66] или „*Одлуката се носи со квалификувано мнозинство што значи дека шансите Грција да ја блокира Македонија се минимални, но не и невозможни*“,[67] односно информацијата: *„Во наредниов период до декмврискиот состанок на советот на ЕУ останува да се лобира кај земјите членки за двотретинска подршка за одредување на датум за почеток на пристапните преговори*“.[68]

3. Многу често во медиумите постоеше забуна кое е името на институцијата која треба да и определи датум за почеток на преговори на Македонија, па наместо ***Советот на министри или Советот на ЕУ,*** информираа дека одлуката ќе ја носи ***Европскиот совет***: *„Дали земјава ќе биде условена со решавање на спорот за името за да започне преговори за членство ќе одлучува Европскиот совет, во декември*“.[69]

4. Медиумите непрецизно информираа и за бројот на поглавјата по кои, доколку бидат отворени пристапни преговори, Македонија ќе треба да преговара, па така, наместо вистинската бројка од *35 поглавја*, често се лицитираше со други бројки: „*Доколку помине во советот, истиот ден се одредува датум за почеток на преговорите, од тој момент македонските власти ги почнуваат преговорите се Европската унија во 33 поглавја*“.[70]

---

[63] Канал 5, 14 октомври 2009
[64] Време, 13 октомври 2009
[65] Нова Македонија, 14 октомври 2009
[66] Нова Македонија, 15 октомври 2009
[67] А1,12 октомври 2009
[68] А1, 14 октомври 2009
[69] Канал 5, 12 октомври 2009
[70] А1, 12 октомври 2009